**Целосно или донекаде задоволни од работата на новата Влада се 49%** од испитаниците, додека, воопшто или донекаде незадоволни се вкупно 47,4%. Изедначен е и процентот на испитаници кои сметаа дека **ситуацијата во земјата во изминатата година се движи во негативна (36,8%) односно во позитивна (35,1%) насока**. Ова го покажа најновото истражување на МЦМС и Телевизија Телма посветено на годишнината од воспоставувањето на новата влада.




**Министерството за надворешни работи најдобро** си ја работи работата, сметаат 9,3% од граѓаните, а според 18,2%, **Министерството за здравство**, е тоа што **најлошо** си ја работи работата.

Владата и граѓаните се во расчекор за тоа што е од најголема важност. **Прашањето на името (36,3%) и интеграциите во ЕУ и НАТО (22,4%) се двете области на кои Владата посветила најмногу внимание**
. Граѓаните пак, сметаат дека
**она на што треба да посвети внимание се зголемувањето на работните места (26,8%) и економскиот развој (25%)**
.

Гледано низ поединечните мерките што ги презема Владата, **единствено кај интеграцијата на Македонија во ЕУ и НАТО (58,1%) и образованието (48,5%) граѓаните се во поголем процент целосно или донекаде задоволни**
, отколку што се донекаде или целосно незадоволни. Незадоволството е поголемо (делумно или целосно) кај мерките за економски раст и вработеност (59,5%), кај зголемувањето на минималната плата (61,0%), кај сузбивањето на корупцијата и криминалот (60,3%), кај реформите во судството (59,0%), кај подобрувањето на јавната администрација (50,8%), кај унапредување на здравствените услуги (63,6%), кај подобрувањето на инфраструктурата (52,8%) и кај активностите за успешно спроведување на попис (59,8%).

За МЦМС и Телма, анкетата ја спроведе М-проспект. Податоците за последната анкета беа прибирани со телефонска анкета во периодот од 15 до 23 мај 2018 година. Анкетата е спроведена на национален репрезентативен примерок од 1052 испитаници.

Истражувањето е дел од проектот „Топ тема на ваша страна“, што го поддржа УСАИД.